СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

***јуни 2019 година***
***ЕУЦ-број 46/2019***

## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Council of the European Union

Советот за општи работи на Европската унија на состанокот на 18 јуни годинава во Луксембург ја реафирмираше својата заложба за проширувањето кое останува клучна политика на ЕУ.
Советот повикувајќи се на Солунската агенда и Декларацијата од Софија, ја повтори недвосмислената поддршка на ЕУ за европската перспектива на Западен Балкан. Европската унија е решена да го зајакне и интензивира својот ангажман на сите нивоа за поддршка на политичката, економската и социјалната трансформација на регионот.
Согласно претходните заклучоци на Советот и во рамки на политичките критериуми од Копенхаген и процесот на стабилизација и асоцијација, Советот ја потврди потребата за фер и строга условеност и принципот на сопствени заслуги.
Во овој контекст, Советот ја нагласи важноста да се обезбеди дека ЕУ може да го одржи и продлабочи сопствениот развој вклучително и капацитетот за интегрирање на нови членки.
*„Со оглед на ограниченото време и важноста на прашањето, Советот ќе се врати на ова прашање, со цел да се постигне јасна и суштинска одлука што е можно поскоро најдоцна до октомври 2019 година“,* стои во заклучоците на Советот.
Советот ги потврди најавите дека одлуката за отворање на преговорите со Северна Македонија и Албанија ќе биде одложена за октомври. ЕУ е поделена за одлуката и клучно прашање е дали ЕУ ќе биде доволно решителна и обединета за да го исполни ветувањето во октомври и да го зачува својот кредибилитет во регионот.

Оваа година Пакетот за проширување дојде подоцна од вообичаеното поради европските избори кои се одржаа во мај. Иако експертите и претставници на Брисел, заедно со тринаесет земји-членки на ЕУ, побараа започнување на преговорите поради загриженоста дека секое понатамошно одложување би можело да предизвика забавување на моментумот, тоа сепак не се случи.
Останува да се види дали земјите-членки на ЕУ ќе најдат заедничка основа за Северна Македонија и Албанија да ги започнат преговорите за пристапување, бидејќи некои од земјите-членки, како Германија и Холандија, побараа „раздвојување“ т.е. одлучувањето за двете земји да биде посебно.
*Европскиот совет* на состанокот на 20 јуни 2019 година ги одобри заклучоците за процесот на проширување и стабилизација и асоцијација кои беа претходно усвоени од Советот за општи работи на ЕУ, на 18 јуни. Европскиот совет ја усвои новата Стратешка рамка на ЕУ за следниот петгодишен период 2019-2024. Стратешката рамка поставува четири сеопфатни приоритети на кои ЕУ ќе биде фокусирана во следните пет години:
- заштита на граѓаните и слободите,
- развивање силна и енергична економска основа,
- градење климатски неутрална, зелена, фер и социјална Европа, и
- промовирање на европските интереси и вредности на глобалната сцена.

Финска од 1 јули годинава ќе биде првото претседателство со ЕУ кое ќе ја вклучи новата петгодишна стратешка агенда во работата на Советот на ЕУ.

www.consilium.europa.eu
www.consilium.europa.eu/media/

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Состанок на Советот за општи работи на ЕУ | 1 |
| Активности по европски избори 2019 | 2 |
| Парламентарни избори во Данска | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-6 |
| Климатските промени приоритет во Буџетот на ЕУ за 2020 година | 7 |
| Одбележани 30 години „Активности Жан Моне“ | |
| Осум европски центри за суперкомпјутери | 8 |
| Германија-најголем извозник на музички инструменти во ЕУ | 8 |
| Приоритет на здравствената заштита на граѓаните | 9 |
| 25 години од Европската агенција за животна средина | 9 |
| Европскиот пазар на мед | 10 |
| Зголемено производството на пластика во светот | 10 |
| Светски ден за безбедност на храна 2019 | 11 |
| ЕУ календар / јули 2019 | 11 |

## АКТИВНОСТИ ПО ЕВРОПСКИТЕ ИЗБОРИ 2019

www.europarl.europa.eu

Веднаш по завршувањето на европските избори 2019 започнаа активности и разговори околу изборот на нов претседател на Европската комисија. Исто така ќе треба да се избере нов претседател на Европскиот совет, шеф за надворешна и безбедносна политика на ЕУ, претседател на Европската централна банка.

Сѐ уште нема одлука во ЕУ за тоа кој ќе ја предводи новата Европска комисија.Следниот претседател на ЕК ќе се бира со засилено квалификувано мнозинство што значи 72% од земјите-членки и 65% од населението во ЕУ. Новиот претседател на Комисијата мора да биде одобрен од Европскиот парламент.

Актуелно прашање во Брисел е новата стратешка агенда на ЕУ, односно новите политички цели и приоритети за следните пет години.

Во јуни годинава новите членови на Европскиот парламент по изборите ги формираат политичките групи. Мандатот на Европскиот парламент официјално завршува на 01 јули годинава. Новоизбраниот парламент се состанува на инаугуративната пленарна седница од 2-4 јули и го избира новиот претседател на Европскиот парламент и 14 потпретседатели, 5 квестори и ќе одлучи за бројот на комитетите на ЕП.

Втората пленарна сесија на ЕП од 15-18 јули ќе претставува и можност Европскиот парламент да го избере новиот претседател на Европската комисија. Доколку кандидатот не го добие потребното мнозинство, земјите-членки треба да предложат друг кандидат во рок од еден месец.

Мандатот на претседателот на ЕК Жан-Клод Јункер како и на 27 комесари завршува на 31 октомври годинава. На 1 ноември, новата Европска комисија ќе стапи на функција. Европската комисија е извршно тело на ЕУ кое предлага ново законодавство и го спроведува законодавството. Комисијата е "чувар на договорите", обезбедува дека тие се почитуваат од сите земји-членки на ЕУ.






## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ДАНСКА

На парламентарните избори во Данска кои се одржаа на 5 јуни годинава се избраа нови 179 членови на Данскиот парламент Folketing. Изборите се одржаа десет дена после изборите за Европскиот парламент.

Од пратеничките места, 175 се однесуваат на Данска и по две пратенички места резервирани за федералните покраини Фарските Острови и Гренланд.

На изборите победи „црвениот блок“ составен од партии кои ја дадоа поддршката за кандидатот за премиер лидерката на Социјал демократите Метте Фредериксен.

Во составот на црвениот блок беа социјалдемократите, социјал-либерали, социјалистичка народна партија, црвено-зелена алијанса, фарската социјалдемократска партија, кои заедно освоија 91 од вкупно 179 места и обезбедија парламентарно мнозинство.

Актуелната владејачка коалиција составена од Венстри, Либералната алијанса и Конзервативната народна партија, Данската народна партија и Нуната Китронај, освоија 76 пратенички места.

На 6 јуни годинава премиерот Ларс Локе Расмусен од Централно-десничарската либерална партија Венстрија поднесе оставка и на кралицата Маргарет II, овозможи да ја назначи Фредериксен да формира нова влада на Данска. Либералната партија на Расмусен беше на власт 14 години.

Данска е третата скандинавска земја која во една година избра левичарска влада, по изборите кои се одржаа во Шведска и Финска.

Новата премиерка на Данска 41 годишната Мете Фредериксен по тринеделни преговори успеа да формира влада со поддршка од други партии од левиот спектар.

Фредериксен уште во текот на изборната кампања најави можност за формирање на малцинска влада која би соработувала со црвениот блок со кој имаат најмногу заеднички теми, како донесување законодавство за намалување на емисиите на јаглерод CO2 за 70% за следната деценија.

Како и во останатиот дел од Европа, имиграцијата беше клучното прашање на изборите во Данска. Фредериксен водеше кампања за строга контрола на бегалците и барателите на азил. По намалувањето на трошоците од претходната влада, социјалдемократите ветија дека ќе ги зголемат социјалните трошоци и ќе наметнат повисоки даноци на богатите.

Мете Фредериксен е втора премиерка на Данска по Халл Торнинг-Шмит, исто така социјалдемократ која беше на функцијата од 2011 до 2015 година. Седум министри во кабинетот на Фредериксен од вкупно 20, се жени меѓу кои и 38 годишната Трине Брасен која ќе раководи со ресорот одбрана.

www.bbc.com






## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

На 22 и 23 јуни 2019 година, во Собранието на Република Северна Македонија се одржа Вториот Жан Моне Дијалог за мир и демократија - инструмент развиен од Европскиот парламент како алатка на меката моќ во областа на парламентарната медијација и дијалог започнат во историскиот дом на Жан Моне. Во работата на овој дијалог активно учествуваа, покрај претседателот на Собранието, потпретседателите, координаторите на Пратеничките групи, претставниците на парламентарните партии во Собранието и службите на Собранието, предводени од генералниот секретар на законодавниот дом. Учесниците усвоија заклучоци според кои имаат договор да продолжат со дијалогот за имплементација на агендата на ЕУ на институционалните реформи.



Со свечен прием на 02 јуни 2019 година претседателот на Собранието Талат Џафери го прими генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг и на Северноатлантскиот совет на НАТО, кој ја предводеше делегацијата од 29-те амбасадори на земјите членки на НАТО во дводневна посета на нашата земја. На приемот присуствуваа и претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, кој ја предводеше владината делегација, и претставници од дипломатскиот кор во земјава. Високата делегација на НАТО ја пречекаа и потпретседателите на Собранието, генералната секретарка на Собранието, координаторите на пратеничките групи како и пратеници од повеќе парламентарни партии.
Со посетата на Генералниот секретар на НАТО, пред Собраниската зграда заедно со државното знаме сега се вее и знамето на НАТО, каде се очекува Република Северна Македонија да стане 30-та земја членка.





Во текот на дводневната официјална посета на Швајцарската Конфедерација, делегацијата предводена од претседателот на Собранието Талат Џафери, на 06 јуни 2019 година се сретна со генералниот секретар на Швајцарското МНР, г-ѓа Марти Ланг. За време на посетата во чест на претседателот Џафери, претседателите на Националниот и Државниот совет, одржаа поздравни обраќања во рамки на пленарна седница на Швајцарскиот парламент. Делегацијата оствари билатерална средба со Претседателот на државниот Совет, г. Жан Рене Фурниер. Двајцата соговорници изразија подготвеност за понатамошно продолжување на интензивната билатерална соработка. Делегацијата оствари средба со претседателката на Сојузниот парламент на Швајцарската Конфедерација, г-ѓа Марина Каробио Гускети, на која претседателот Џафери изрази убедување за продолжување на интензивната билатерална соработка со Швајцарската Конфедерација и Швајцарскиот парламент .

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, на покана на претседателот на Националното собрание на Унгарија, г.Ласло Ковер, на 25 јуни 2019 година присуствуваше на чинот на ратификација на Протоколот за пристапување на Република Северна Македонија во НАТО од страна на Националното собрание на Унгарија.





На 11 јуни 2019 година, претседателот на Собранието Џафери оствари средба со претседателот на Владата на Чешката Република, Андреј Бабиш. Посетата, истакна Џафери претставува одлична можност за продлабочување на воспоставената соработка и реализација на конкретни проекти. Двајцата соговорници разменија мислења за можностите за развој на економската соработка.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



На 13 јуни 2019 година претседателот на Собранието г.Талат Џафери се сретна со пратеници од германскиот Бундестаг, г. Јосип Јуратовиќ, г-ѓа Рената Алт, г. Хансјерг Милер, придружувани од амбасадорот на Сојузна Република Германија г.Томас Герберих. Претседателот Џафери ја потенцираше парламентарната соработка со Бундестагот, особено во делот на надградување на капацитетите на собраниската служба. Делегацијата оствари средба со Пратеничката група за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија, како и Комисиите за европски прашања и надворешна политика.



На 20 јуни 2019 година Националниот совет за евроинтеграции ја одржа Четвртата седница на тема „Видувањата на Берлин и Париз околу долгорочната Стратегија за европска интеграција". На седницата свои обраќања имаа Н.Е. Томас Герберих, амбасадор на Сојузна Република Германија и Н.Е. Кристиан Тимоние, амбасадор на Република Франција. На седницата присуствуваа заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г. Бујар Османи, членови на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, претставници на граѓански организации како и амбасадори на земји-членки на ЕУ во Република Северна Македонија.





Комисијата за европски прашања на 05 јуни 2019 година оствари средба со Делегацијата на Одборот за европски работи на Саборот на Република Хрватска во состав: претседател, потпретседател и член на Одборот за европски работи - Домагој Иван Милошевиќ, Домагој Хајдуковиќ и Весна Пусиќ, како и претседателот на Одборот за надворешна политика – Миро Ковач, во придружба на хрватската амбасадорка, Данијела Баришиќ. Во воведното обраќање, Претседателот на Комисијата за европски прашања, Артан Груби посочи дека Република Северна Македонија целосно ги постигна и исполни препораките од ЕУ.
Заедничка средба со делегацијата од Хрватскиот Сабор оствария Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за надворешна политика на Собранието. На средбата од страна на делегацијата беше изразена подготвеност за споделување на искуства и соработка во евроинтегративниот процес на нашата земја.



Претседателот на Собранието, Талат Џафери, на 12 јуни 2019 година оствари средба со генералот Јероним Базо, директорот на РАКВИАК - Центарот за безбедносна соработка, на која тој се заложи за продлабочување на воспоставената соработка со Регионалниот центар за контрола и верификација на вооружувањето и помош во имплементацијата. Директорот Базо, позитивно ги оцени актуелните случувања во нашата држава и изрази верба во понатамошна соработка меѓу Собранието и РАКВИАК во иднина.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Пратеникот Џеват Адеми, член на Делегацијата на Собранието во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа учествуваше на Шестата пленарна сесија на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 21 и 22 јуни 2019 година во Сараево, во рамките на Претседателството на Босна и Херцеговина со Процесот за соработка во Југоисточна Европа. На Сесијата се одржаа седници на трите комиисии и на Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ, како и Пленарно заседание на тема: „Подобра поврзаност за подобар живот – како да се постигне вистинска промена во процесот на регионална соработка“.

---



Во Собранието на 26 и 27 јуни 2019 година во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје се одржа дводневна Регионална конференција на жени парламентарки на тема: Родово-сензитивен парламент: Од законодавство до јавно финансирање за родова еднаквост. Конференцијата ја отвори и со неа претседаваше претседателката на Клубот на пратенички, Ѓулумсер Касапи. Во своето воведно обраќање, потпретседателката на Собранието, Фросина Ташевска-Ременски, посочи дека рамноправното учество на жените и мажите во политичкиот и јавниот живот е пропишано со меѓународните и домашни стандарди, кои треба да бидат применети во сите демократски општества.

---



На покана на претседателот на Парламентот на Република Австрија, Волфганг Соботка, делегација на Собранието на Република Северна Македонија предводена од потпретседателката, Фросина Ташевска-Ременски, во организација на мисијата на ОБСЕ во Скопје, од 5 до 7 јуни 2019 престојуваше на студиска посета во Виена. Делегацијата во состав: потпретседателите: Горан Мисовски и Весел Мемеди; координаторите на пратеничките групи: Јован Митревски и Никола Мицевски; пратеничките: Лилјана Кузмановска претставник од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Ѓулумсер Касапи, претседателка на Клубот на пратенички, Мирсада Емини-Асани, претседателка на Комисијата за здравство, генералната секретарка, Цветанка Иванова, како и вработени во собраниската служба, остари средба со пратеници од австрискиот Национален совет, членови на Комисијата за еднаков третман предводена од претседателката, Габриела Хајниш-Хосек. Со поддршка на Австриската развојна соработка и Постојаната Мисија на Австрија во ОБСЕ, во фокусот на посетата беа клучните приоритети наведени во Стратешкиот план 2019-2021, за зајакнување на парламентарната независност, неговата надзорна функција и демократска улога.

### Закони од НПАА донесени во Собрание во јуни 2019

| | Наслов на законот | Поглавје | Пленарна седница |
|---|---|---|---|
| 1 | Закон за изменување и дополнување на Закон за царинска тарифа | 29 ЦАРИНСКА УНИЈА | 102 седница, 11.06.2019 |
| 2 | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина | 16 ОДАНОЧУВАЊЕ | 102 седница, 11.06.2019 |

## КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ПРИОРИТЕТ ВО БУЏЕТОТ НА ЕУ ЗА 2020 ГОДИНА

Европската комисија на 05 јуни 2019 година предложи буџет од 168,3 милијарди евра за 2020 година со цел промовирање на поконкурентна европска економија, солидарност и безбедност во ЕУ. Ова е последниот буџет од фискалниот период 2014-2020 каде климатските промени се постави на врвот на агендата.

Предложениот буџет од 168,3 милијарди евра бележи зголемување за 1,3% од 2019 год. Во однос на плаќањата буџетот изнесува 153,7 милијарди евра, или 3,5% повисок од ланскиот. Севкупно, буџетот претставува 1% од БНП на ЕУ (бруто националниот приход) и 2% од јавната потрошувачка на ЕУ.

Дури 21% од предложениот буџет ќе биде за прашањата поврзани со климатските промени.

За зајакнување на економскиот раст и за поддршка на младите наменети се 83 милијарди евра, додека 13,2 милијарди евра ќе бидат за истражување и иновации во рамките на програмата Хоризонт 2020, што претставува зголемување од 6,4% во споредба со буџетот од 2019.

За програмата Еразмус за размена на студенти планирани се 2,8 милијарди евра и 117 милиони евра за Иницијативата за вработување на младите (YEI). Со ова, Иницијативата за вработување на младите, изнесува 4,5 милијарди евра за периодот 2014-2020 година.

Буџетот за Глобалниот систем за сателитска навигација "Галилео" е зголемен за 75% во споредба со 2019 година и изнесува 1,2 милијарди евра. Програмата за европски одбранбен индустриски развој (EDIDP) ќе добие 255 милиони евра.

Во однос на зајакнувањето на безбедноста и солидарноста во ЕУ и пошироко, 420,6 милиони евра или 34% повеќе од 2019 година, ќе бидат доделени на Европската агенција за гранична безбедност - Фронтекс. Ова е резултат на договорот постигнат во март годинава меѓу Европскиот парламент и владите на ЕУ, со кој се предвидува формирање на постојан корпус од 10.000 чувари на границите до 2027 година.

Новата програма RescEU ќе добие 156,2 милиони евра, за подобрување на процесот на справување со земјотреси, шумски пожари и др. природни катастрофи.

Хуманитарна помош во износ од 560 милиони евра е наменета за поддршка на лицата погодени од војната во Сирија.




http://europa.eu

---

## ОДБЕЛЕЖАНИ 30 ГОДИНИ „АКТИВНОСТИ ЖАН МОНЕ“

Европскиот комесар за образование, култура, млади и спорт, Тибор Наврачич на 18 јуни беше домаќин на настанот по повод прославата 30 години од “Активностите Жан Моне" кои се дел од програмата Еразмус+ посветени на промовирање на европски студии на високото образование во светот и поврзување на академици, истражувачи и креатори на политики.

Преку „Активностите Жан Моне“, помеѓу 1989 и 2019 година биле поддржани над 1.000 универзитети во околу 100 земји, овозможувајќи им да понудат курсеви за европски студии како дел од наставните програми. Околу 300.000 студенти ги користат бенефитите од оваа програма секоја година.

Годишно „Активностите Жан Моне“ финансираат повеќе од 250 нови мерки кои вклучуваат 9.000 универзитетски професори и институции. Досега поддржани се повеќе од 5.000 акции. “ Активностите Жан Моне" станаа глобални, во 2018 година, 60% од 1.300 апликации за грантови потекнуваат од земји надвор од ЕУ.

Предлогот на Европската комисија за програмата Еразмус за 2021-2027 предвидува проширување на Активностите Жан Моне во други сектори на образованието, особено во училиштата со цел да се подобри свеста на младите за ЕУ.

http://europa.eu



## ОСУМ ЕВРОПСКИ ЦЕНТРИ ЗА СУПЕРКОМПЈУТЕРИ



Европската комисија на 07 јуни годинава извести дека е извршен избор на осум локации за центрите каде ќе бидат сместени првите европски суперкомпјутери. Центрите ќе ги поддржат европските истражувачи, индустрија и бизниси во развивањето на нови апликации во широк спектар на области, од дизајнирање на лекови и нови материјали за борба против климатските промени.

Изборот на локациите беше извршен од Европското здружение за пресметување со високи перформанси - EuroHPC.

Распоредени во 8 различни земји-членки за хостирање на новите компјутерски машини со високи перформанси, хостинг сајтовите ќе бидат лоцирани во Софија (Бугарија), Острава (Чешка), Кајаани (Финска), Болоња (Италија), Бисен (Луксембург), Минхо (Португалија), Марибор (Словенија) и Барселона (Шпанија). Тие ќе го поддржат развојот на главните апликации во области како што се персонализирана медицина, дизајн на лекови и материјал, биоинженеринг, временска прогноза и климатски промени.

Во денешниот свет, компјутерските способности со високи перформанси се од клучно значење за генерирање на растот и работни места како и за стратешка автономија и иновации во која било област.

Суперкомпјутерите се очекува да бидат оперативни во втората половина од 2020 година, за европските корисници од академските институции, индустријата и јавниот сектор.

На предлог на Европската комисија и со поддршка од Советот на ЕУ, заедничката компанија EuroHPC беше основана во ноември 2018 година, со цел ЕУ да се опреми со инфраструктура за суперкомпјутери од светска класа до крајот на 2020 година.

http://europa.eu

---

## ГЕРМАНИЈА- НАЈГОЛЕМ ИЗВОЗНИК НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ВО ЕУ




Земјите-членки на ЕУ во 2018 година оствариле извоз на музички инструменти во вредност над 1,9 милијарди евра, вклучително и делови и додатоци за истите. Речиси 2/3 од извозот била трговија во рамки на ЕУ.

*Германија опфаќа 1/3 од извозот на музички инструменти на земјите-членки на ЕУ.* Меѓу земјите-членки трите главни извозници биле Германија со 642 милиони евра или 34% од вкупниот извоз, Холандија со 310 милиони евра или 16% и Франција со 259 милиони евра или 14% од извозот. Италија остварила извоз од 139 милиони евра, Велика Британија 129 милиони евра, (7%) и Белгија 107 милиони евра или 6%.

Кај извозот во земји надвор од ЕУ (668 милиони евра во 2018), музичките инструменти главно се извезувале во САД (182 милиони евра или 27% од вкупниот извоз), потоа Јапонија (91 милиони евра или 14%), Кина (88 милиони евра), Швајцарија (49 милиони евра), ХонгКонг (36 милиони евра), Јужна Кореја (32 милиони евра), Норвешка (28 милиони евра) и Русија (23 милиони евра или 3% од вкупниот извоз вон ЕУ).

Увозот на музички инструменти во ЕУ бил претежно од Кина. Во 2018 година, земјите-членки на ЕУ оствариле увоз на музички инструменти од над 1,1 милијарда евра од земји кои не се членки на ЕУ, како Кина (453 милиони евра или 40%), САД (220 милиони евра или 19%), Индонезија (218 милиони евра) и Јапонија (116 милиони евра или 10%).

## ПРИОРИТЕТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ

Долгите листи за чекање во здравството се еден од најголемите предизвици со кои со децении се соочуваат земјите од Централна и Источна Европа. Поради сложената и прекумерно регулирана бирократија, недостаток на обучен кадар и потребна опрема, пациентите чекаат ред за било која услуга, дијагноза или третман, што би можело значително да ги наруши можностите за нивно успешно закрепнување.

“Секоја влада треба да даде приоритет на здравствената заштита, бидејќи само здрави граѓани можат да бидат движечка сила на економскиот раст” изјави Габриел Гром, потпретседател на фармацевтската компанија МСД за Централна и Источна Европа. Тој укажа дека реформите не можат да се спроведат универзално, имајќи предвид дека земјите-членки на ЕУ имаат свои специфични потреби. Потребни се прилагодливи рамки за пристап, како и подготвеност да се најдат решенија во индустријата.

Во фокусот на градот Загреб со оглед на Хрватското претседателство со Советот на ЕУ од јануари 2020 година, се политиките за трансплантација на органи, предизвиците при стареењето и безбедноста на пациентите. Посебно внимание ќе се посвети на онкологијата, со оглед на зголемениот број на пациентите на годишно ниво. Креирањето на план на ниво на ЕУ во однос на ракот беше и меѓу приоритетите на Манфред Вебер, кандидатот за Европска народна партија (ЕПП) за нов претседател на Европската комисија.

Белгиската европратеничка Лиеве Виеринк во октомври 2018 година изјави дека контролирањето на ракот во Европа ќе бара инвестирање на значителни ресурси и ефективна координација на националните политики.

www.euractiv.com



---

## 25 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

European Environment Agency

Европската агенција за животна средина со седиште во Копенхаген во Данска, на 19 јуни годинава одбележа 25 години од формирањето. Беше одржан посебен семинар за Управниот одбор - највисокото тело за одлучување во Агенцијата на кој учествуваа високи претставници и експерти од 39 членки и земји соработници на ЕЕА, од Европската комисија и Европскиот парламент.

Учесниците дадоа свој придонес за новата десетгодишна стратегија за идната работа на Агенцијата, во обезбедување на независни и сигурни информации за животната средина.

Во чест на јубилејот агенцијата подготви публикација „ЕЕА на 25“ за достигнувањата и предизвиците во иднина.

Европската агенција за животна средина е центар на знаење кој ги поврзува научните и политичките светови. Агенцијата е мрежна организација која спојува стотици учесници агенции за животна средина, министерства, јавни администрации, истражувачки организации - во својата мрежа Eio-net, која е единствена по својата големина, обем и експертиза.

ЕЕА беше основана во Копенхаген во 1994 година, како мрежа од 12 земји на ЕУ и неколку десетици вработени.

Денес агенцијата се прошири на 33 членки и 6 земји-соработници ширум Европа со висок персонал кој работи на широк спектар на прашања.

Објавените извештаи и анализи на ЕЕА се базираат на редовно доставување на податоци и информации од земјите-членки на ЕУ.

www.eea.europa.eu/about-us

## ЕВРОПСКИОТ ПАЗАР НА МЕД

Земјите-членки на ЕУ во 2018 година оствариле увоз на 208.000 тони природен мед од земји кои не се членки на ЕУ, во вредност од 452 милиони евра. Во 2018 година само 21.000 тони мед биле извезени надвор од ЕУ во вредност од 119 милиони евра. Споредено со 2013 година, увозот на мед надвор од ЕУ се зголемил за 25%. Од друга страна, извозот на мед на земјите што не се членки на ЕУ се зголемил за 40%.
Пчеларите во ЕУ се соочуваат со релативно високи трошоци за производство и ограничен извоз со повисоки цени од цените на увезените производи во ЕУ. Од друга страна, епидемии на болести кај животните, интензивно земјоделство, изложеност на хемикалии, губење на живеалиштата и неповолните климатски услови може да го загрозат производствениот капацитет на пчеларниците.
Забележувајќи дека бројот на пчелни колонии во некои од земји-членки на ЕУ се намалил за повеќе од 50%, европратениците усвоија Извештај на 1-ви март годинава при што побараа воведување мерки за заштита и подобрување на здравјето на пчелите, како и зајакнување на постапките за тестирање и интензивирање на инспекциите за увид во откривањето на измами со мед и повисоки казни за измамниците.
Европската унија го дефинира медот како природна слатка супстанца и има поставено критериуми за составот во директивата за мед базирана на високи стандарди.




## ЗГОЛЕМЕНО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ПЛАСТИКА ВО СВЕТОТ



Водечкото паневропско здружение на производители на пластика PlasticsEurope во својот извештај наведува дека има зголемување на производството на глобално ниво од 3,4% во 2017 година. Со 359 милиони тони пласирани на пазарот во 2018 година, забележано е зголемување од 3,2% во споредба со претходната година.
Кина сеуште е на водечка позиција во производство на пластика со 30% на светско ниво. Заедно со останатите земји од Азија, Кина учествува со повеќе од 50% во светското производството на пластика.
Во Северна Америка производството на пластика е зголемено на 18% од светскиот удел.
Производството на пластика во Европа бележи намалување во 2018 година за 4,3%. Како резултат на индустријата за пакување и градежништво, кои се далеку понапред од автомобилската индустрија, потрошувачката на пластика е зголемена за 0,4%.
Во вкупниот удел на произведена пластика влегуваат: полиетилен (27%), терморегулациона пластика (21%), полипропилен (19%) и поливинил хлорид или ПВЦ (13%).
И покрај тоа што лесно може да се рециклира, полиетилен терефталат претставува само 6% од произведената пластика.

www.euractiv.com

## СВЕТСКИ ДЕН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА 2019

На 7 јуни 2019 година се одбележа првиот Светски ден за безбедност на храната 2019 со цел да се привлече внимание и да се помогне во спречувањето, откривањето и управувањето со ризиците поврзани со прехрамбените производи. Организациите за безбедност на храната имаат за цел на овој ден да ја подигнат глобалната свест за безбедноста на храната.
*Владите мора да обезбедат безбедна и здрава храна за сите*. Креаторите на политики да промовираат одржливо земјоделство и системи за храна со поттикнување на мултисекторска соработка меѓу јавното здравје, здравјето на животните, земјоделството и останатите сектори.
*Земјоделците и производителите на храна треба да усвојат добри практики* за снабдување со безбедна храна на глобално ниво.
*Бизнис операторите мора да осигураат безбедна храна*. Сите учесници во прехранбените операции - од преработка до малопродажба - мора да се усогласат со програмите како HACCP.
*Сите потрошувачи имаат право на безбедна и здрава храна*. На потрошувачите им е потребен пристап до навремени, јасни и веродостојни информации за ризиците во исхраната и болестите поврзани со изборот на храна.
*Безбедноста на храната е заедничка одговорност*. Потребна е соработка на многу нивоа на владите, регионалните економски тела, трговските организации, потрошувачите, производители, академски и истражувачки институции и субјекти од приватниот сектор, за прашања кои влијаат на сите граѓани, глобално, регионално и локално.
Генералното собрание на Обединетите нации 7 јуни 2019 година го прогласи како Прв светски ден за безбедност на храната, според резолуцијата донесена во декември 2018 година.

www.efsa.europa.eu




***ЕУ КАЛЕНДАР / јули 2019***

*1.Финско претседателство со Советот на ЕУ 01 јули-31 декември 2019;*
*2.Пленарни сесии на Европскиот парламент, 02-04/07/2019, и 15-18/07/2019 во Стразбур;*
*3. Состанок на Советот за општи работи на ЕУ, 27/07/2019.*




Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациско е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




